# ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КАБИНЕТОТ НА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА ПОЛИТИКИ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Овој документ ги содржи предлозите подготвени од Платформата на граѓански организации за борба против корупција. Предлозите се поднесуваат во согласност со текот и приоритетите на Годишната програма за работа за 2025 година на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење и се темелат на принципите, целите и насоките утврдени во истата.

Предложените мерки и активности произлегуваат од анализата на состојбите во областа на добро владеење, превенцијата и борбата против корупцијата, како и од долгогодишното искуство и експертиза на граѓанскиот сектор. Тие имаат за цел да придонесат кон унапредување на транспарентноста, отчетноста и ефикасноста на институциите, како и кон зајакнување на системските механизми за владеење на правото.

Целта на предлозите е да послужат како конструктивен придонес во процесот на планирање и спроведување на јавните политики, во духот на партнерство, отворен дијалог и почитување на принципите на добро владеење.

---

**Област: Хоризонтална мерка – Транспарентност и отчетност на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење**

1. **Предлог-мерка: Зголемување на јавната видливост, транспарентноста и отчетноста на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење има значајна улога во координацијата на антикорупциските политики и реформите поврзани со владеењето на правото, но неговото работење во моментов е недоволно видливо и слабо разбирливо за пошироката јавност. Недостигот од редовна, структурирана и проактивна комуникација со граѓаните придонесува кон перцепција на затвореност и ограничена отчетност, што негативно влијае врз довербата во институциите.

Во моментов не постои јасен и редовен механизам преку кој Кабинетот систематски би известувал за спроведените активности, постигнатите резултати, предизвиците и приоритетите за следниот период. Ова ја ограничува можноста засегнатите страни да го следат напредокот во областа на доброто владеење и борбата против корупцијата, како и да дадат информирани предлози и критики.

Со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста, граѓанскиот сектор предлага воспоставување на проактивен пристап кон информирање на јавноста, кој ќе овозможи редовен увид во работата на Кабинетот, достапност на релевантни информации и воспоставување основа за континуиран дијалог со граѓаните. Зголемувањето на јавната видливост не е само комуникациска активност, туку суштински елемент на доброто владеење и демократската отчетност.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Воспоставување јасна пракса за редовно јавно информирање за активностите и резултатите од работата на Кабинетот | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Зголемена информираност на јавноста за улогата, активностите и резултатите на Кабинетот | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Објавување годишен јавен извештај за сработеното, со јасен преглед на постигнати резултати, предизвици и следни чекори | IV квартал 2026 | Зајакната јавна отчетност и можност за граѓански надзор | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Подобрување и редовно ажурирање на веб-секцијата на Кабинетот со информации за надлежности, активности, документи и контакт информации | I–II квартал 2026 | Подобрен јавен пристап до релевантни информации | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Јавно објавување на информации за состаноци, иницијативи и клучни заклучоци поврзани со антикорупциските политики | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Поголема транспарентност во процесот на креирање и координација на политики | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Организирање најмалку една годишна јавна средба / презентација со граѓанскиот сектор и заинтересираната јавност за отчет за сработеното | III–IV квартал 2026 | Воспоставен директен дијалог и зголемена доверба меѓу институциите и граѓаните | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**ПРОГРАМА 1: ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**

2. **Предлог мерка: Нормативно и оперативно уредување на работењето на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека ефикасната борба против корупцијата бара јасна, координирана и транспарентна меѓуинституционална соработка. Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата претставува клучен механизам за ваква координација, но неговата ефективност во пракса е ограничена поради недоволно јасно уредена рамка за работа, непредвидлива динамика на состаноци и отсуство на систематски механизми за следење на спроведувањето на донесените заклучоци.

Во отсуство на јасно дефинирани надлежности, формализирани правила за работа и годишен акциски план, постои ризик Меѓуресорското тело да функционира ад-хок, без континуитет и без мерливи резултати. Дополнително, недостигот од редовно и јавно објавување на записници и заклучоци го ограничува јавниот увид во работата на телото и ја намалува неговата отчетност.
Со цел да се зајакне институционалната улога на Меѓуресорското тело, граѓанскиот сектор предлага нормативно и оперативно уредување на неговото функционирање преку донесување интерни акти за работа, изработка на годишен акциски план, обезбедување редовност на седниците на најмалку квартално ниво, како и воспоставување механизам за мониторинг и јавно известување за спроведувањето на заклучоците.
Овој предлог е во насока на унапредување на транспарентноста, отчетноста и ефикасноста на координацијата помеѓу институциите надлежни за превенција и борба против корупцијата и е во согласност со препораките од релевантните европски и меѓународни извештаи за владеење на правото, како и со принципите на добро владеење.

| **Предложена активност** | **Предложена временска рамка** | **Очекуван резултат** | **Надлежна институција** |
|---|---|---|---|
| Донесување интерни акти за работа на Меѓуресорското тело (деловник/правила за работа) со јасно дефинирани надлежности, состав, начин на одлучување и одговорности | I квартал 2026 | Јасно уредена институционална рамка за работа на телото и зголемена одговорност на членовите | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Изработка и усвојување на годишен акциски план за работа на Меѓуресорското тело со утврдени приоритети, активности, рокови и носители | I–II квартал 2026 | Подобрена стратешка насоченост и предвидливост во работата на телото | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Обезбедување редовно одржување на седници на Меѓуресорското тело (најмалку еднаш квартално) | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Континуирана координација меѓу институциите и навремено разгледување на прашања поврзани со антикорупциските политики | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Јавно објавување на записници и заклучоци од седниците на Меѓуресорското тело на официјална веб-страница | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Зголемена транспарентност и јавен увид во работењето и одлуките на телото | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Воспоставување механизам за следење и јавно известување за спроведувањето на заклучоците и препораките на Меѓуресорското тело | II–IV квартал 2026 | Подобрена отчетност и мерливост на ефектите од работата на телото | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 1 – ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**

3. **Предлог-мерка: Следење на имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2026–2030 преку воспоставување механизам на отчетност на институциите кон заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека усвојувањето на национални стратегии за спречување и превенција од корупција само по себе не гарантира нивна ефективна имплементација. Досегашното искуство со спроведувањето на Акциските планови на претходните стратегии покажува дека клучните слабости се поврзани со недоволна политичка координација, отсуство на јасна линија на отчетност и ограничено следење на исполнувањето на обврските од страна на институциите на централно ниво.

Со оглед дека во 2026 година се очекува започнување на имплементацијата на новата Национална стратегија за спречување од корупција и судирот на интереси 2026–2030, граѓанскиот сектор смета дека е неопходно навремено воспоставување на централен механизам за следење и отчетност. Во таа насока, се предлага Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење да има засилена координативна улога во следењето на имплементацијата на стратегијата и акцискиот план.

Предложениот механизам предвидува редовно прибирање информации од институциите на централно ниво за степенот на реализација на нивните обврски, редовно потсетување на институциите за преземените и заостанатите активности, како и интегрирање на ова прашање во рамки на редовните седници на Владата. На овој начин се зајакнува политичката одговорност, се подобрува интер-институционалната координација и се обезбедува поголема веројатност за навремено и квалитетно спроведување на антикорупциските политики.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Воспоставување централен механизам за следење на имплементацијата на Националната стратегија за спречување | I квартал 2026 | Јасна рамка за систематско следење на исполнувањето на | Кабинет на заменик на претседателот на Владата |

| **Предложена активност** | **Предложена временска рамка** | **Очекуван резултат** | **Надлежна институција** |
|---|---|---|---|
| од корупција и судирот на интереси 2026–2030 и придружниот акциски план | | обврските од страна на институциите на централно ниво | задолжен за политики на добро владеење |
| Секоја владина институција која е вклучена со мерки и активности во Националната стратегија да донесе акциски план за спроведување на активностите од домен и опфат на институцијата | II-IV квартал 2026 | Јасна рамка на вклучените институции во имплементацијата на Националната стратегија со план за реализирање на нивните активности | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Дефинирање обврска за редовно известување на институциите на централно ниво до Кабинетот за напредокот во спроведувањето на мерките од стратегијата | I квартал 2026 | Зајакната отчетност и навремен увид во степенот на имплементација | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Редовно прибирање, систематизација и анализа на податоци за имплементацијата на стратегијата | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Подобрено следење на напредокот и рано идентификување на застои и ризици | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Редовно потсетување на институциите за нивните обврски и рокови од Акцискиот план | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Намалување на доцнењата и зголемена дисциплина во спроведувањето на мерките | Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Вклучување на прашањето за имплементацијата на Националната стратегија како редовна точка на дневен ред на седниците на Владата | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Подигната политичка видливост и одговорност за спроведувањето на антикорупциските политики | Влада на РСМ / Кабинет на заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 1 – ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**

4. **Предлог-мерка: Воспоставување активна улога на Кабинетот на заменик претседателот на Владата во следењето и забрзувањето на носењето на клучните системски антикорупциски закони**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека една од клучните слабости во антикорупцискиот систем не е недостатокот на законски иницијативи, туку нивното задржување во подготвителна фаза без јасен институционален механизам што ќе обезбеди нивно навремено влегување во владина и собраниска процедура. Во изминатиот период, значаен број системски закони од суштинско значење за превенцијата и борбата против корупцијата се изработени од работни групи, но не напредуваат понатаму во институционалниот процес.

Ова се однесува, меѓу другото, на закони како Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за заштита на укажувачи, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и други поврзани законски решенија кои имаат директно влијание врз транспарентноста, отчетноста и интегритетот на институциите. Задржувањето на овие закони во одредени надлежни институции создава впечаток на реформска стагнација и ја поткопува довербата во политичката волја за системска борба против корупцијата.

Имајќи ја предвид координативната и политичка улога на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, граѓанскиот сектор смета дека овој Кабинет треба да има проактивна улога во следењето на статусот на подготовка и носење на клучните системски антикорупциски закони. Ова подразбира редовен увид во тоа до каде се законските решенија, идентификување на институционалните блокади и активно иницирање нивно разгледување и усвојување во рамки на Владата.

Целта на оваа мерка не е мешање во надлежностите на ресорните министерства, туку воспоставување политичка и координативна гаранција дека подготвените законски решенија нема да останувaат неактивни и дека реформските процеси ќе имаат континуитет и видлив напредок.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Воспоставување систем за редовно следење на статусот на клучните антикорупциски закони подготвени од работни групи | I квартал 2026 | Јасен увид во тоа кои законски решенија се подготвени и каде настанува застој | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Редовно информирање на заменик претседателот на Владата за статусот и причините за неносење на подготвените законски решенија | I квартал 2026 | Подигната политичка одговорност за реформските закони | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Иницирање разгледување на подготвените законски решенија на седници на Владата | I-II квартал 2026 | Забрзување на влегувањето на законите во владина процедура | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Следење и поттикнување на институциите предлагачи да ги финализираат и достават законските предлози во владина процедура | I-II квартал 2026 | Намалување на бројот на законски решенија што остануваат нефинализирани | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Јавно информирање за статусот на клучните системски антикорупциски закони | I-II квартал 2026 | Зголемена транспарентност и јавен притисок за носење на реформските закони | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 1 – ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**

5. **Предлог-мерка: Започнување постапка за изработка на Закон за потекло на имот**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека во Република Северна Македонија во моментов не постои посебен закон кој системски и сеопфатно ја уредува материјата на утврдување и проверка на потеклото на имотот. Овој нормативен вакум претставува сериозен предизвик за ефикасната превенција и борба против корупцијата и незаконското збогатување, особено во контекст на постоењето на Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка.

Дополнително, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и во минатото укажуваше на потребата од донесување Закон за потекло на имот како системско решение за јакнење на антикорупциската рамка и за поефикасно постапување во случаи на несразмер помеѓу пријавените приходи и стекнатиот имот. Отсуството на ваков закон ја ограничува можноста за доследна и правно сигурна примена на механизмите за откривање и санкционирање на незаконски стекнат имот.

Во услови кога конфискацијата на имот во граѓанска постапка претставува сериозна интервенција во правото на сопственост, неопходно е воспоставување јасна, прецизна и предвидлива законска рамка за утврдување на потеклото на имотот. Таквиот закон треба да ги дефинира надлежните институции, постапките, доказните стандарди, правата и обврските на засегнатите лица, како и механизмите за правна заштита, во согласност со уставните принципи, Европската конвенција за човекови права и релевантната судска пракса.

Имајќи го предвид и фактот дека ова прашање е подолг период присутно во јавниот и институционалниот дискурс, граѓанскиот сектор смета дека 2026 година треба да се искористи за започнување структуриран, инклузивен и стручно заснован процес за подготовка на Закон за потекло на имот, кој ќе обезбеди јасна поврзаност помеѓу превентивните механизми, финансиските истраги и постапките за конфискација на имот, а истовремено ќе ги минимизира ризиците од правна несигурност и селективна примена.

| **Предложена активност** | **Предложена временска рамка** | **Очекуван резултат** | **Надлежна институција** |
|---|---|---|---|
| Изработка на анализа на постојната состојба во Република Северна Македонија и компаративна анализа на законски решенија за потекло на имот во земји членки на ЕУ и регионот | I–II квартал 2026 | Објективна и стручно заснована основа за креирање на законското решение | Министерство за правда/ Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Изработка на концептуален документ со дефинирани цели, принципи и можни модели за Закон за потекло на имот | II квартал 2026 | Јасно утврдена концептуална рамка за идниот закон | Министерство за правда/ Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Формирање широка меѓуресорска работна група за изработка на Законот за потекло на имот, со вклучување на сите засегнати страни, вклучително и надлежни институции, граѓански организации и експертска јавност | II квартал 2026 | Инклузивен и легитимен процес на изработка на законското решение | Министерство за правда/ Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Анализа на усогласеноста на предложените законски решенија со Уставот, ЕКЧП и релевантната судска пракса | III квартал 2026 | Намален ризик од неуставност и повреди на човековите права | Министерство за правда/ работна група |
| Организирање јавни и стручни консултации за нацрт-концептот и можните законски решенија | IV квартал 2026 | Подобрен квалитет и зголемена јавна доверба во процесот | Министерство за правда/ Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Подготовка на нацрт-текст на Закон за потекло на имот | IV квартал 2026 | Подготвен нацрт-закон како основа за | Министерство за правда |

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| | | понатамошна владина процедура | |
| Јавно објавување на анализите, концептуалниот документ и заклучоците од консултациите | IV квартал 2026 | Зголемена транспарентност и отчетност на законодавниот процес | Министерство за правда/ Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

## ПРОГРАМА 2: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

6. **Предлог-мерка: Преиспитување на законското решение за конфискација на имот во граѓанска постапка преку изработка на анализа за неговата оправданост и отворање широка јавна и стручна дебата**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека конфискацијата на имот претставува еден од најинвазивните инструменти во борбата против корупцијата и организираниот криминал и, како таква, мора да биде строго усогласена со уставните гаранции, принципите на владеење на правото и стандардите за заштита на човековите права. Иако законското решение за конфискација на имот во граѓанска постапка е формално донесено, неговата практична имплементација е ограничена и проследена со сериозни правни, институционални и концептуални дилеми.

Дополнително, граѓанскиот сектор потсетува дека првичната иницијатива за воведување на ваков модел на конфискација произлезе од Кабинетот на заменик претседателот на Владата во претходен период, без да биде обезбедена доволно широка јавна, стручна и академска дебата. Во пракса, ова резултираше со законско решение кое, и покрај добрата намера за поефикасна борба против незаконски стекнат имот, отвора ризици од правна несигурност.

Имајќи предвид дека во моментов е активна работна група за измени на законската рамка, граѓанскиот сектор смета дека 2026 година треба да биде искористена за суштинско преиспитување на оправданоста, ефективноста и усогласеноста на конфискацијата на имот во граѓанска постапка со европските и меѓународните стандарди. Наместо фокус исклучиво на имплементација, потребно е изработка на сеопфатна анализа и отворање на пошироки инклузивни дискусии, во кои ќе бидат вклучени правната струка, академската заедница, граѓанските организации и релевантните институции.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Изработка на независна анализа за оправданоста, ефективноста и правните ризици од конфискацијата на имот во граѓанска постапка | I–II квартал 2026 | Објективна основа за носење одлуки засновани на докази, наместо на претпоставки | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Анализа на усогласеноста на постојното и предложените законски решенија со уставните гаранции, ЕКЧП и европската судска пракса | I–II квартал 2026 | Намалување на ризикот од повреди на човековите права и идни судски спорови | Работна група за измени на законската рамка / Кабинет на ЗПВРСМ |
| Организирање пошироки јавни и стручни дебати за конфискацијата на имот во граѓанска постапка | II–III квартал 2026 | Инклузивен и транспарентен процес на креирање политики | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Вклучување на ставовите и препораките на граѓанскиот сектор и стручната јавност во процесот на изменување на законската рамка | III–IV квартал 2026 | Подобрен квалитет и легитимитет на законските решенија | Работна група за законски измени |
| Јавно објавување на заклучоците од анализата и дебатите | IV квартал 2026 | Зголемена транспарентност и отчетност во процесот на законодавни интервенции | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 3- Напредок на транспарентноста на Владата и владините институции**

7. **Предлог- мерка: Зголемување на транспаретноста и отчетноста на институциите**

**Образложение на мерката**

Граѓанските организации укажуваат дека зголемувањето на транспарентноста и отчетноста на институциите, како и овозможувањето суштинско учество на граѓаните, претставуваат клучни предуслови за ефективна превенција и борба против корупцијата. Пристапот до релевантни и точни информации за работењето на институциите и за правните субјекти е основа за јавен надзор, информирано учество на граѓаните и јакнење на довербата во институционалниот систем.

Во моментов, граѓаните, граѓанските организации и медиумите немаат бесплатен и целосен пристап до основните податоци за правните субјекти од Трговскиот регистар, регистарот на други правни лица и Регистарот на вистински сопственици.

Недостапноста на податоците за сопствениците, управителите, одговорните и вистинските сопственици на правните лица значително ја ограничува можноста за откривање на судири на интереси, коруптивни ризици и поврзани структури, како и за спроведување истражувачко новинарство и граѓански надзор.
Дополнително, во националното законодавство сè уште не е воспоставена категоријата „легитимен јавен интерес“ во смисла на пристап до податоците од Регистарот на вистински сопственици, и покрај еволутивната и судската пракса на Европската унија. Отсуството на ваква категорија резултира со ограничен и рестриктивен пристап до податоци кои се од суштинско значење за транспарентноста и отчетноста, особено за граѓанските организации и медиумите кои дејствуваат во јавен интерес.
Истовремено, праксата на проактивна транспарентност кај владините институции е нееднаква и недоследна. Не сите институции ги објавуваат своите програми и извештаи за нивното спроведување на своите веб-страници, што го отежнува следењето на реализацијата на јавните политики и трошењето на јавните средства. Оваа состојба ја намалува отчетноста на институциите и ја ограничува можноста за систематски јавен увид во нивната работа.
Дополнителен предизвик претставува и отсуството на институционални акциски планови за спроведување на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интересите. Досегашното искуство покажува дека без јасно дефинирани акциски планови, носители и рокови, имплементацијата на антикорупциските мерки останува на ниско ниво, а јавноста нема увид во конкретните обврски и напредокот на поединечните институции.
Оттука, граѓанските организации сметаат дека е неопходно воспоставување системски мерки кои ќе обезбедат бесплатен и подобрен пристап до клучни регистарски податоци, законско признавање на легитимниот јавен интерес, задолжително објавување на програмите и извештаите на владините институции, како и донесување и јавно објавување на институционални акциски планови за спроведување на Националната стратегија. Овие мерки ќе придонесат кон зголемена транспарентност, отчетност и одговорност на институциите, како и кон поактивно и информирано учество на граѓаните во процесите на креирање и следење на јавните политики.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Овозможување бесплатен пристап за граѓаните, граѓанските организации и медиумите до основните податоци за правните субјекти од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица | III квартал 2026 | Јавно и бесплатно достапни податоци за сопственик, управител и одговорно лице во рамки на „Основен профил на регистрирано лице“ кај отворените податоци на Централниот регистар | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/Централен регистар |

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Овозможување бесплатен пристап за граѓаните, граѓанските организации и медиумите до основните податоци за правните субјекти од Регистарот на вистински сопственици | III квартал 2026 | Јавно и бесплатно достапен податок за вистински сопственик во рамки на „Основен профил на регистрирано лице“ кај отворените податоци на Централниот регистар | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/Централен регистар |
| Воспоставување законска категорија „легитимен јавен интерес“ во Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам | IV квартал 2026 | Воведена категорија „легитимен јавен интерес“ која овозможува слободен пристап до податоците од Регистарот на вистински сопственици за граѓани, граѓански организации и медиуми | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/Министерство за финансии/Управа за финансиско разузнавање |
| Задолжително објавување на програмите и извештаите за нивното спроведување на веб-страниците на владините институции | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Сите владини институции ги објавуваат програмите и извештаите за нивното спроведување на своите веб-страници | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/сите владини институции |

**Област: ПРОГРАМА 3- Напредок на транспарентноста на Владата и владините институции**

8. **Предлог-мерка: Систематско следење и унапредување на спроведувањето на Националната стратегија за транспарентност (2023–2026)**

**Образложение на мерката**

Граѓанските организации укажуваат дека и покрај постоењето на Националната стратегија за транспарентност (2023–2026), во моментов не постои сеопфатна и јавно достапна анализа за степенот на нејзината имплементација. Отсуството на ваква анализа го ограничува јавниот увид во тоа до кој степен институциите ги исполнуваат преземените обврски, кои мерки се реализираат, а каде постојат застои и структурни слабости.

Дополнително, без систематско следење и евалуација, не е можно навремено идентификување на слабостите во спроведувањето, ниту пак квалитетна подготовка на новата Национална стратегија за транспарентност за следниот период.

Ваквата состојба го намалува ефектот на стратешките документи и ја ограничува нивната улога како алатка за унапредување на транспарентноста и отчетноста.
Оттука, граѓанските организации предлагаат Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење да воспостави систематски пристап кон следење, анализа и јавно известување за спроведувањето на Националната стратегија за транспарентност, како и да иницира навремена подготовка на новата стратегија преку инклузивен процес.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Изработка на анализа за степенот на исполнетост на обврските од Акцискиот план на Националната стратегија за транспарентност (2023–2026) | III- IV квартал 2026 | Подготвена сеопфатна анализа за имплементацијата на стратегијата | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Јавно објавување на анализата и клучните наоди | IV квартал 2026 | Зголемен јавен увид и отчетност | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Изработка на Национална стратегија за транспарентност (2027–2029) | II- IV квартал 2026 | Навремено иницирaн процес за нова стратегија и нејзино усвојување | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Ко-организирање најмалку три јавни расправи со граѓанското општество за новата стратегија | II–IV квартал 2026 | Инклузивен и транспарентен процес на креирање политика | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 3- Напредок на транспарентноста на Владата и владините институции**

9. **Предлог-мерка: Зајакнување на мониторингот на обврските за објавување информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Образложение на мерката**

Граѓанските организации укажуваат дека и покрај законската обврска за проактивно објавување на информации, дел од институциите не ги исполнуваат целосно обврските утврдени во член 10 од Законот за слободен пристап до информации од

јавен карактер. Недостигот од систематски мониторинг и јавни извештаи за оваа состојба ја намалува ефикасноста на законот и ја ограничува транспарентноста.
Оттука, се предлага Кабинетот на заменик претседателот на Владата да воспостави редовен механизам за следење на објавувањето на задолжителните информации и за јавно известување за институциите кои не ги исполнуваат обврските.

| **Предложена активност** | **Предложена временска рамка** | **Очекуван резултат** | **Надлежна институција** |
|---|---|---|---|
| Следење на објавите согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информации | Континуирано | Подобро почитување на законските обврски | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Подготовка на годишен извештај за состојбата со проактивната транспарентност | IV квартал 2026 | Јавен увид во исполнувањето на обврските | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Преземање корективни мерки кон институциите кои континуирано не објавуваат информации | Континуирано | Зголемена дисциплина и отчетност | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 3- Напредок на транспарентноста на Владата и владините институции**

10. **Предлог-мерка: Унапредување на проактивната транспарентност преку унифицирани и отворени веб-страници на државните институции**

**Образложение на мерката**
Граѓанските организации посочуваат дека веб-страниците на државните институции претставуваат примарен канал за информирање на јавноста, но во пракса тие се неунифицирани, нецелосни и често не ги содржат законски пропишаните информации. Ова создава нееднаков пристап до информации и ја отежнува можноста за систематски јавен надзор.
Методологијата на Индексот на отвореност обезбедува јасни критериуми за тоа кои информации институциите треба проактивно да ги објавуваат. Сепак, досега не е воспоставен институционален механизам кој ќе обезбеди доследна примена на овие стандарди.
Поради тоа, граѓанските организации предлагаат Кабинетот на заменик претседателот на Владата да ја зајакне својата координативна улога во насока на унапредување на унифицирани, транспарентни и функционални веб-страници на државните институции, усогласени со стандардите за отвореност.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Следење на примената на Методологијата од Индексот на отвореност при уредување на веб-страниците на институциите | Континуирано | Подобрен квалитет и унифицираност на веб-страниците | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Подготовка и испраќање циркуларна информација до институциите со препораки за унапредување на транспарентноста | III- IV квартал 2026 | Јасни насоки за институциите | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Поттикнување редовно ажурирање на обврзните информации на веб-страниците | Континуирано | Зголемена проактивна транспарентност | Кабинет на заменик претседателот на Владата / сите владини институции |

**Област: ПРОГРАМА 3- Напредок на транспарентноста на Владата и владините институции**

**11. Предлог-мерка: Воспоставување транспарентен регистар на сопственост на медиуми**

**Образложение на мерката**

Граѓанските организации укажуваат дека транспарентноста на медиумската сопственост е клучна за обезбедување медиумски плурализам, спречување на скриено влијание и зајакнување на јавната доверба во медиумите. Во моментов, не постои функционален и јавно достапен регистар кој обезбедува целосен увид во сопственичката структура на медиумите.

Поради тоа, се предлага воспоставување регистар за сопственост на медиуми како системска мерка за унапредување на транспарентноста во медиумскиот сектор.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Подготовка на концепт за регистар на сопственост на медиуми | Континуирано | Јасна концептуална рамка | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Воспоставување и јавно објавување на регистарот | Континуирано | Јавен и транспарентен увид во медиумската сопственост | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Централен Регистар, Кабинет на заменик претстедателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 4 – УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ДИЈАЛОГ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**

**12. Предлог-мерка: Зајакнување на улогата на Кабинетот во унапредување на државното финансирање на граѓанските организации согласно принципите на добро владеење**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека државното финансирање на граѓанските организации претставува клучен инструмент за поддршка на јавниот интерес, демократскиот развој и вклученоста на граѓаните во креирањето и следењето на јавните политики. Истовремено, долгогодишните искуства покажуваат дека системот на државно финансирање на граѓанските организации се соочува со предизвици поврзани со недоволна транспарентност, нејасни критериуми, ограничена отчетност и ризици од селективност.

Имајќи ја предвид координативната улога на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, граѓанскиот сектор смета дека овој Кабинет треба да има поактивна улога во следењето и унапредувањето на начинот на кој се планира, распределува и следи државното финансирање на граѓанските организации. Ова подразбира промовирање и доследна примена на принципите на добро владеење, мерит-систем, еднаквост, транспарентност и отчетност во сите фази на процесот.

Целта на оваа мерка не е преземање на надлежностите на ресорните институции, туку воспоставување координиран и стратешки пристап кој ќе придонесе кон зголемена доверба во системот на државно финансирање, подобрен квалитет на поддржаните проекти и поодржлив развој на граѓанското општество.

| **Предложена активност** | **Предложена временска рамка** | **Очекуван резултат** | **Надлежна институција** |
|---|---|---|---|
| Анализа на постојните практики за државно финансирање на граѓанските организации на централно ниво | I–II квартал 2026 | Јасен увид во слабостите и добрите практики на постојниот систем | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Дефинирање принципи и стандарди за добро владеење во државното финансирање на граѓанските организации (транспарентност, мерит-систем, отчетност) | II квартал 2026 | Јасна референтна рамка за институциите кои доделуваат средства | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Поттикнување институциите да ги унапредат јавните повици, критериумите за оценување и механизмите за отчетност | Континуирано (II–IV квартал 2026) | Подобрена транспарентност и правичност во распределбата на средствата | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Воспоставување редовен дијалог со граѓанскиот сектор за прашања поврзани со државното финансирање | Континуирано (I–IV квартал 2026) | Зголемена доверба и вклученост на граѓанските организации | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |

**Област: ПРОГРАМА 4 – УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ДИЈАЛОГ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**
**Предлог-мерка: Поддршка и следење на процесот за донесување на нов Закон за здруженија и фондации со цел зачувување на суштинските решенија произлезени од инклузивниот процес**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанскиот сектор укажува дека процесот на подготовка на новиот Закон за здруженија и фондации претставува инклузивен и суштински дијалог помеѓу институциите и граѓанското општество, при што текстот на законот е резултат на работа на широка работна група со учество на надлежните институции, граѓанските организации и стручната јавност. Во моментот, законот се наоѓа во завршна фаза во Министерството за правда и се очекува во текот на првиот квартал од 2026 година да премине во владина процедура.

Имајќи ја предвид важноста на овој закон за слободата на здружување, правната сигурност и функционирањето на граѓанското општество, граѓанскиот сектор смета дека е потребна активна и внимателна улога на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење во следењето на понатамошниот институционален процес.

Целта на оваа мерка не е ограничување на правото на Владата да интервенира во законските текстови, туку обезбедување транспарентен и одговорен процес во кој суштинските решенија и принципи, произлезени од претходниот инклузивен дијалог и јасно изразената волја на граѓанскиот сектор, ќе бидат соодветно земени предвид и заштитени од неоправдани или нетранспарентни измени.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Следење на процесот на преминување на нацрт-законот за здруженија и фондации од Министерството за правда во владина процедура | I–II квартал 2026 | Навремен увид во текот и динамиката на законодавниот процес | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/Министерство за правда |

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
|---|---|---|---|
| Поттикнување транспарентност во евентуалните измени на текстот во владина процедура | Континуирано (I–II квартал 2026) | Намален ризик од нетранспарентни интервенции во законскиот текст | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/ Министерство за правда |
| Залагање за почитување на суштинските решенија и принципи утврдени во текстот подготвен од работната група | Континуирано (I–II квартал 2026) | Зачувана суштина на законот во согласност со волјата на граѓанскиот сектор | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/ Министерство за правда |
| Информирање и консултирање со граѓанскиот сектор во текот на владиниот процес | Континуирано (I-II квартал 2026) | Одржан стратешки дијалог и зголемена доверба во институционалниот процес | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење/ Министерство за правда |

**Област: ПРОГРАМА 4 – УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ДИЈАЛОГ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**
**Предлог-мерка: Континуирани консултации со граѓанскиот сектор**

**Образложение на предлог-мерката**

Граѓанското општество укажува дека во изминатиот период е воспоставен конструктивен и редовен дијалог со Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, преку тематски дискусии и месечни состаноци со Платформата на организации на граѓанското општество за борба против корупција. Овие форми на соработка овозможија навремена размена на информации и вклучување на граѓанскиот сектор во прашања поврзани со доброто владеење и борбата против корупцијата.
Со цел обезбедување континуитет и унапредување на воспоставениот дијалог, граѓанското општество смета дека е потребно овие консултативни процеси да продолжат како редовна и структурирана пракса. Во таа насока, се предлага продолжување на тематските дискусии и консултации со граѓанскиот сектор, вклучително и во рамки на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како и редовно одржување на месечни состаноци со Платформата на граѓански организации за борба против корупција.
Дополнително, граѓанското општество укажува на потребата од јасно документирање на заклучоците од овие средби и изработка на план за реализација на договорените активности, со цел зголемување на ефективноста, отчетноста и следливоста на дијалогот. Воспоставувањето на ваква практика ќе придонесе кон појасни обврски, подобра координација и поголема доверба помеѓу институциите и граѓанското општество.

| Предложена активност | Предложена временска рамка | Очекуван резултат | Надлежна институција |
| --- | --- | --- | --- |
| Организирање тематски дискусии и консултации со граѓанското општество, вклучително и во рамки на Советот за соработка | Континуирано (I–IV квартал) | Одржан и унапреден стратешки дијалог и редовна размена на информации | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Редовни месечни состаноци со Платформата на граѓански организации за борба против корупција | Континуирано (I–IV квартал) | Одржан и унапреден стратешки дијалог и редовна размена на информации | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Подготовка и усвојување на заклучоци од одржаните средби и консултации | Континуирано (I–IV квартал) | Јасно дефинирани договорени позиции и препораки | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Изработка и следење на план за реализација на договореното, со утврдени активности и рокови | Континуирано (I–IV квартал) | Подобрена следливост, ефективност и отчетност на дијалогот | Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |